7 IX 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Вторник, 29 август 1989
Скопје
Број 32 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 3.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**585.**

Врз основа на член 39 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ", бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ УТВРДЕН СО РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", бр. 50/88 и 28/89), се вршат следниве изменувања на распоредот на средствата за посебни намени:

1. Во раздел 31 — Републички хидрометеоролошки завод, позиција 298, конто 418 — Радиосондажни мерења, износот „330.000.000" се заменува со износот „592.371.000".

2. Во раздел 65 — Други обврски на Републиката, позиција 590-а, конто 433 — Регрес за вештачки ѓубрива, износот „10.000.000.000" се заменува со износот „9.737.629.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1790/1
24 август 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**586.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 6/89, 19/89, 27/89), во член 2, точка 16 износот „5.000" се заменува со износот „20.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1732/1
24 август 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**587.**

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 27/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ПРОГРАМА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕМЕР И КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО 1989 ГОДИНА

Во Програмата за премер и катастар на недвижностите во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 50/88) се вршат следниве дополнувања:

ВО ГЛАВА II — Видови на работа и обем, во став 2, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „Општина Гази Баба — КО Маџари и КО Сингелиќ";

— во став 3, од истата глава, се додава „Гази Баба...";

— во точка 1, во истата глава, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „Општина Гази Баба — КО Маџари (изграден дел), во размер 1:1000 на површина од 720 хектари и КО Сингелиќ (изграден дел), во размер 1:1000 на површина од 240 хектари".

— Во точка 2, во истата глава, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „Општина Гази Баба — КО Маџари (изграден дел), во размер 1:1000 на површина од 720 хектари и КО Сингелиќ (изграден дел), во размер 1:1000 на површина од 240 хектари".

— Во точка 3, во истата глава, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „Општина Гази Баба — КО Маџари (изграден дел) во размер 1:1000 на површина од 720 хектари и КО Сингелиќ (изграден дел), во размер 1:1000 на површина од 240 хектари".

— Во точка 4, во истата глава, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „Општина Гази Баба — КО Маџари (изграден дел), во размер 1:1000 на површина од 720 хектари и КО Сингелиќ (изграден дел), во размер 1:1000 на површина од 240 хектари".

— Во точка 17, став 1, во истата глава, по Општина Кисела Вода, запирката се брише и се додава „и Општина Гази Баба..."

— Во точка 17, во истата глава, се додава став 3, кој гласи: „Ќе се изврши поставување и определување на полигонометриски точки на подрачјето на град Скопје — Општина Гази Баба, на КО Маџари и Сингелиќ, на вкупна површина од 960 хектари, како и поставување и одредување на височински точки (репери) на мрежата од прецизниот нивелман".

ВО ГЛАВА III — Потребни финансиски средства, износот од „3.031.200.000 динари" се заменува со „5.011.200.000 динари".

Оваа програма за дополнување на Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-605/1
10 август 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Илија Филиповски**, с. р.

**588.**

Врз основа на точка 53, став 2, потточка 2) и точка 54 став 1 од Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 19/84, 67/84 5/85, 72/85, 23/86, 70/87, 49/87, 85/87, 1/88 и 19/88), републичкиот секретар за финансии, во согласност со Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — Централа — Скопје, издава

## НАРЕДБА
## ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ПОТСМЕТКИ, УПЛАТНИ СМЕТКИ, КАКО И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗБИРНИ СТАПКИ ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА РАБОТНИЦИТЕ И ОД ДОХОДОТ

1. Обврзниците на придонесите и други обврски од личниот доход на работниците и од доходот (обврзници) ги уплатуваат придонесите на уплатните сметки определени со Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи (Сојузна наредба) и на потсметките на уплатните сметки пропишани со оваа наредба.

2. Придонесите од личниот доход на работниците и од доходот на самоуправните интересни заедници од областа на насоченото образование и научните дејности, формирани на територијата на Републиката се уплатуваат на уплатните сметки определени со Сојузната наредба и на потсметките на уплатните сметки означени во Списокот на потсметките на уплатните сметки, а според поединечните стапки искажани во прегледот број 1, кој е составен дел на оваа наредба.

Придонесите од личниот доход на работниците и од доходот, на републичките самоуправни интересни заедници од областа на пензиското и инвалидското осигурување, општествената заштита на децата, основното образование, социјалната заштита, здравствената заштита — за солидарното остварување на задолжителните видови на здравствена заштита на работниците, културата и вработувањето, се уплатуваат со еден налог за пренос на преодната сметка, а според збирните стапки искажани во прегледот број 2, кој е составен дел од оваа наредба.

Даноците и другите давачки пропишани со Законот за обезбедување и насочување на средства за поттикнување на развојот на земјоделството, Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ“ — Кавадарци и Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енергија, се уплатуваат на потсметките на уплатните сметки означени во Списокот на потсметките на уплатните сметки.

3. Придонесите од личниот доход на работниците и од доходот на општинските самоуправни интересни заедници се уплатуваат со поединечни налози на преодните сметки по одделни општини означени во прегледите на преодните сметки бр. 3, 4 и 5, а според збирните стапки искажани во прегледите, кои се составен дел на оваа наредба.

За уплатените придонеси од став 1 на оваа точка, организациите на здружен труд од подрачјето на град Скопје ќе ѝ доставуваат податоци на Службата на општественото книговодство во СР Македонија — Филијала 40100 — Скопје, тримесечно за висината на основицата по општини.

Во збирните стапки се опфаќаат придонесите од став 1 на оваа точка и тоа:

1) Придонесите од личниот доход на работниците од:

а) стопанството за:
— основно образование,
— здравство и здравствено осигурување,
— општествена заштита на децата, и
— вработување.

б) нестопанството за:
— основно образование,
— култура,
— физичка култура,
— социјална заштита,
— здравство и здравствено осигурување,
— општествена заштита на децата, и
— вработување.

2) Придонесите од доходот од стопанството за:
— култура,
— физичка култура,
— социјална заштита, и
— здравствено осигурување во случај на несреќа на работа или заболување од професионална болест.

4. Збирните стапки на придонесите од личниот доход што имаат иста основица за пресметување и плаќање се утврдуваат посебно:

— кога живеалиштето на работникот и седиштето на исплатувачот на личниот доход се во иста општина, и

— кога живеалиштето на работникот и седиштето на исплатувачот на личниот доход не се во иста општина.

5. Уплатата на придонесите од личниот доход на работниците и од доходот, кои не се наведени во точките 2 и 3 на оваа наредба, се врши на сметките означени во Сојузната наредба и според поединечните стапки утврдени со посебните одлуки.

6. Обврзниците што се ослободуваат од плаќање на одделни придонеси или на кои им е зголемена односно намалена стапка за плаќање на определени придонеси, обврските ќе ги пресметуваат по поединечни стапки, — а ќе ги уплатуваат со поединечни налози на сметките отворени со Сојузната наредба.

Службата на општественото книговодство може, до измената на збирните стапки утврдени со оваа наредба, да применува збирни стапки во зависност од извршените поединечни промени на стапките на придонесите на самоуправните интересни заедници.

7. Во налогот за пренос во одделот „цел на дознаката“ се впишува основицата за пресметување на придонесите, збирната односно поединечната стапка (процент) и месецот за кој се уплатуваат придонесите од личниот доход односно доходот.

8. Средствата уплатени на преодните сметки од точка 3 на оваа наредба ќе ги распоредува Службата на општественото книговодство на уплатните сметки на самоуправните интересни заедници според структурата на нивното учество со стапките вклучени во збирната стапка.

Празнењето на средствата од преодните сметки се врши еден ден порано од определениот рок за признење на уплатните сметки на корисниците на придонесите и даноците.

9. Самоуправните интересни заедници од општествените дејности, по донесувањето на одлуките за утврдување на стапките на придонесите, доставуваат по еден примерок од нив до:

— Републичкиот секретаријат за финансии;

— Службата на општественото книговодство — Филијала; и

— Воено-сметководниот центар — Скопје ВП 55/73 — Скопје.

10. Со влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за пропишување на потсметки на уплатните сметки, како и за утврдување на збирни стапки за уплатување на придонесите од личниот доход на работниците и од доходот („Службен весник на СРМ“ бр. 21/88).

11. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-2112 
26 јули 1989 година 
Скопје

Републички секретар за финансии, 
м-р **Методија Тошевски**, с. р.

## СПИСОК

на потсметки на уплатни сметки

1. 40100-840-033-11027 — Дополнителен републички данок од доход на организациите на здружен труд, за „ФЕНИ“;

2. 40100-840-033-11032 — Дополнителен републички данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност на обврзниците што се оборжуваат со данок по вистински доход за „ФЕНИ“;

3. 40100-840-033-11048 — Дополнителен републички данок на приходи од имот, за „ФЕНИ“;

4. 40100-840-033-11053 — Данок на приходи од игри на среќа, за „ФЕНИ“;

5. 40100-842-033-64061 — Средства за поттикнување на развојот на земјоделството;

6. Потсметка 843-31504 — Придонес од доходот за насочено образование од рударството, металургија, градежништво и градежна индустрија, хемиска и текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума;

7. Потсметка 843-31525 — Придонес од доходот за насоченото образование од електроиндустријата, електроенергијата, металната и графичката индустрија и сообраќајот и врските;

8. Потсметката 843-31551 — Придонес од доходот за насоченото образование од земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата на тутун и прехранбената индустрија;

9. Потсметка 843-31572 — Придонес од доходот за насоченото образование од трговијата, туризмот, занаетчиството, комуналната дејност, здравството и социјалната дејност и др.;

10. Потсметка 843-19415 — Придонес од личниот доход за насоченото образование од здравството и социјалната заштита и друго;

11. Потсметка 40100-843-033-3707 — Придонес од личен доход за солидарно остварување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението во СР Македонија;

12. Потсметка 842-39981 — Средства од наплатениот посебен надоместок за користење на автопатот Куманово — Титов Велес;

13. Потсметка 843-7683 — Придонес од личен доход на работниците за вработување од организации на здружен труд од стопанство за Републичка самоуправна интересна заедница за вработување;

14. Потсметка 843-7732 — Придонес од личен доход на работниците за вработување од организации на здружен труд од нестопанство за Републичка самоуправна интересна заедница за вработување;

15. Потсметка 843-12414 — Придонес за вработување од работни луѓе што самостојно вршат стопанска дејност за Републичка самоуправна интересна заедница за вработување;

16. Потсметка 843-12589 — Придонес за вработување од работни луѓе што самостојно вршат нестопанска дејност за Републичката самоуправна интересна заедница за вработување;

17. Потсметка 843-7891 — Придонес од личен доход за вработување од работни луѓе вработени кај граѓанско-правни лица, за Републичката самоуправна интересна заедница за вработување;

18. Потсметка 40100-840-033-11069 — Средства за штедење, супституција и рационално користење на сите видови енергија;

19. Потсметка 840-12003 — Републички данок од личен доход на работниците од ОЗТ и работни заедници од стопанството (по стапка од 50% и по стапка од 60% за договор за дело);

20. Потсметка 840-12019 — Републички данок од личен доход на работниците од ОЗТ и работни заедници од стопанство (по стапка од 2,8% од редовен личен доход);

21. Потсметка 840-12115 — Републички данок од личен доход на работниците од ОЗТ и работни заедници од нестопанство (по стапка од 50% и по стапка од 60% за договор за дело);

22. Потсметка 840-12120 — Републички данок од личен доход на работниците од ОЗТ и работни заедници од нестопанство (по стапка од 2,8% од редовен личен доход);

23. Потсметка 840-13016 — Данок од личен доход од земјоделска дејност како основна дејност;

24. Потсметка 840-13021 — Данок од личен доход од земјоделска дејност ако земјоделието не е основна дејност;

25. Потсметка 40100-840-14104 — Републички данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност;

26. Потсметка 842-18418 — Средства за станбена изградба од чистиот доход на ОЗТ и работни заедници од стопанството;

27. Потсметка 40100-842-18514 — Средства за станбена изградба од чистиот доход на ОЗТ и работни заедници од нестопанство;

28. Потсметка 40100-842-39913 — Надоместок од нафтени деривати за изградба на Авто-пат Братство — Единство и магистрални патишта од интерес на целата земја;

29. Потсметка 842-39960 — Надоместок од моторен бензин и плинско масло продадени на крајните потрошувачи — СИЗ за патишта — редовна дејност;

30. Потсметка 40100-842-39976 — Надоместок од моторен бензин и плинско масло за Републичка СИЗ за патишта за одржување патишта;

31. Потсметка 40100-842-39997 — Надоместок од нафтени деривати за одржување патиштата и отплата странски кредити;

32. Потсметка 40100-849-287 — Републички комитет за општостопански работи и пазар — Дирекција за републички стоковни резерви — Средства за финансирање на стоковните резерви и изградба на магацински простор во Републиката.

## ПРЕГЛЕД Бр. 1

Поединечни стапки на самоуправните интересни заедници од насоченото образование и научните дејности образувани за територијата на Републиката

| | Стапка |
|---|---|
| 1. Придонеси од личен доход на работниците од нестопанството | |
| — насочено образование | 3,50%[1]) |
| — научно-истражувачка дејност | 0,40% |
| 2. Придонеси од доходот од стопанството | |
| — насочено образование | 3,50% |
| — научно-истражувачка дејност | 0,60% |

[1]) Стапката на придонесот од личните доходи на работниците и другите работни луѓе, за работниците од основното и средното насочено образование и од социјалната заштита 1,75%, за работниците во организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности 2,45%.

## ПРЕГЛЕД Бр. 2

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите за републичките самоуправни интересни заедници од областа на пензиското и инвалидското осигурување, општествената заштита на децата, основното образование, социјалната заштита, здравствената заштита, културата и вработувањето

| 1. Придонеси од личен доход на работниците | Стапка | Број на преодната сметка кај СОК |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| а) од стопанство | | |
| — пензиско и инвалидско осигурување | 15,70% | |
| — општествена заштита на децата | **1,20%** | |
| — основно образование | 0,60% | |
| — солидарно остварување на задолжителните видови на здрав- | | |

**589.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 31 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Основниот суд на здружениот труд во Битола за оценување уставноста и законитоста на Правилникот за организација и систематизација на работите и работните задачи, донесен од Работничкиот совет на Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Охрид" во Охрид, во состав на Работната организација за ПТТ сообраќај „Македонија" во Скопје, на седницата одржана на 30 јули 1986 година, во делот со кој за вршење на работите и работните задачи шалтерски работник е предвиден посебен услов работно искуство на вакви и слични работи.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената основна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Битола, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на дел од оспорениот правилник означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што не бил во согласност со член 210 став 3 од Уставот на СР Македонија.

4. На седницата Судот утврди дека во означениот правилник како посебен услов за извршување на работите и работните задачи на шалтерски работник е предвидено работно искуство во траење од 1 година на вакви или слични работи.

5. Според член 210 став 3 од Уставот на СР Македонија на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството

Согласно член 133 став 3 од Законот за здружениот труд и член 6 од Законот за работните односи работниците со самоуправниот општ акт со кој се уредува работниот однос ги уредуваат условите што работникот треба да ги исполнува за вршењето на определени работи и работни задачи што во основната организација се вршат според нејзината дејност и природа, технологија и другите услови на трудот.

Во член 7 од Законот за работните односи е предвидено дека како посебен услов за засновање на работен однос за определени работи односно работни задачи, работниците во основната организација можат да го утврдат и работното искуство.

Имајќи го предвид изнесеното Судот смета дека е самоуправно право на работниците во организациите на здружениот труд во самоуправниот општ акт со кој се уредува работниот однос, покрај општите, да ги утврдат и посебните услови кои работникот треба да ги исполнува за засновање на работниот однос, а во тие рамки и условот да стекнал искуство со работа на одредени работи и работни задачи.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека оспорената одредба од Правилникот не е во несогласност односно не е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 84/89
31 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**590.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 7 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) Оддел III, точките 4, 6 и 7 под б) и Оддел IV точките 4 и 5 под б) од Описот на работите и работните задачи, составен дел на Правилникот за организација и систематизација на работните места — работни задачи на Работната заедница „Заеднички служби", во состав на Работната организација ШИК „Димче Еребица-Диер" во Куманово, донесен на 6 мај 1988 година, во деловите во кои е пропишано работно искуство од 1 година како посебен услов за извршување на работите и работните задачи за кои се бара завршено основно образование;

б) член 32 од Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила за усогласување на односите во стекнувањето и распоредување на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка во Работната организација ШИК „Димче Еребица — Диер" во Куманово и член 32 од правилниците за заеднички основи и мерила за стекнување и распоредување на доходот, чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на основните организации на здружен труд „Стопанисување со шуми и шумски фонд" и „Преработка и обработка на дрво" и на Работната заедница „Заеднички служби", во состав на означената работна организација, сите донесени во месец јули 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената работна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 117/88 од 8 март 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одредбите од актите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната спротивност со Законот за здружениот труд и со Законот за работните односи.

4. На седницата Судот утврди дека во Оддел III точките 4, 6 и 7 под б) и Оддел IV точките 4 и 5 под б) од правилникот означен во точката 1 под а) од оваа одлука, како услови за извршување на работните задачи стражарочувар, дневен портир, курир, сервирач и кафекувар се предвидени средна стручна подготовка или основно образование, со 1 година работно искуство.

Според член 7 став 4 од Законот за работните односи за извршување на работите односно работните задачи за кои со самоуправниот општ акт не се бара стручна подготовка не може како посебен услов да се предвиди работното искуство, а согласно Уставот и законот основното образование не се смета за степен на стручна подготовка.

Со оглед на тоа што во оспорените делови од Описот на работните задачи како услов за извршување на работите и работните задачи за кои се бара завршено основно образование, е предвидено работно искуство од 1 година, Судот утврди дека тие се во спротивност со член 7 од Законот за работните односи.

6. На седницата Судот, исто така, утврди дека во членовите 32 од актите означени во точката 1 под б) од оваа одлука е предвидено личниот доход на дефицитарните стручни кадри кои засноваат работен однос со спогодба, како и на надворешните стручни соработници кои ќе се ангажираат во работната организација, да им се определува со спогодба надвор од предвидените основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи, а неговата висина ја определува работничкиот совет.

Од изнесените уставни и законски одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека во самоуправниот општ акт мора да се предвидат основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи на работниците, а доколку има потреба посебно да се вреднува придонесот во работата на одделни работници, поради нивното значење за организација на здружениот труд, за нив може да се предвидат и посебни основи и мерила, но не и да се исклучи примената на основите и мерилата предвидени за сите работници.

Според членовите 22 и 23 од Уставот на СР Македонија и член 92 и член 93 став 1 од Законот за здружениот труд личниот доход на работникот во организацијата на здружениот труд се утврдува според резултатите од неговиот труд и придонесот во работата, врз основа на основите и мерилата утврдени со самоуправниот општ акт.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од означената самоуправна спогодба и правилниците е предвидено личниот доход на определени работници да се утврдува без основи и мерила утврдени со самоуправниот општ акт, Судот утврди дека тие не се во согласност односно се во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 117/88
7 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**591.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа, на седницата одржана на 5 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ член 4 став 1 и член 5 од Одлуката за прогласување на подрачја од посебен општествен интерес за општината Струга, донесена од Собранието на општина Струга на 26 декември 1986 година („Службен гласник на општина Струга" бр. 10/86).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Струга".

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 104/88 од 18 јануари 1989 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите на одлуката означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за промет со земјиште и згради.

4. На седницата Судот утврди дека со член 4 став 1 од Одлуката привремено, за една година, се забранува прометот со недвижности и права во сопственост на граѓани на подрачјата што се прогласени дека се од посебен интерес за општината и за кои е пропишан посебен режим на заштита и користење на просторот. Доколку се изврши забранет промет на недвижности, според член 5 од Одлуката, таа недвижност ќе премине во општествена сопственост без плаќање надоместок.

5. Согласно член 98 став 2 и член 301 став 1 точка 9 од Уставот на СР Македонија сопственосните и другите имотно-правни односи, како и условите за промет на земјиште и други недвижности на кои постои право на сопственост се уредуваат со Закон.

Според член 11 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ" бр. 38/85), заради зачувување на одделни просторни целини, Републиката односно општината можат, и пред донесувањето на просторниот и урбанистичкиот план, да ги определат просторите за изградба и проширување на населените места, за одмор и рекреација, за зачувување на одделни природни и културни богатства, национални и регионални паркови, ловни и слични резервати, крајбрежни, планински, спортски и климатски подрачја, минерални, термални и други извори, подрачја од посебно историско и културно значење и слично и за овие намени да пропишат посебен режим за заштита и користење. Согласно ставот 2 на овој член, на наведените простори, покрај посебниот режим и заштита и користење, може да се забрани градба, како и привремено да се забрани прометот на земјиштето, на начин и под услови утврдени со закон.

Според член 1 од Законот за промет со земјиште и згради („Службен весник на СРМ" бр. 36/75, 41/75, 10/79 и 7/86) недвижности, во смисла на законот, претставуваат земјиштата, зградите и посебните делови од зградите, а согласно член 38 став 1 од Законот општината со своја одлука може привремено, а најмногу до 3 години, да го забрани прометот на земјиштето, кое, според просторниот односно урбанистичкиот план или со акт на општината со кој е регулиран режимот на условите за градење на населените места, е предвидено за потребите на становањето и комуналната изградба, за одмор и рекреација или заради зачувување на определени природни целини. Според член 31 став 1 од овој закон кога носителот на правото на сопственост, по друг основ, а не по основ на наследство, ќе се стекне со недвижност на која според законот не може да има право на сопственост, општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правни работи ќе донесе решение дека таа недвижност станува општествена сопственост. Согласно став 2 и 3 од овој член од Законот на поранешниот сопственик на недвижноста не му припаѓа надомест за таа недвижност и не се засега во меѓусебните права и обврски на договорните страни.

6. Од изнесените уставни и законски одредби според мислењето на Судот, произлегува дека општината, под одделни услови утврдени во законот, има овластување привремено да го забрани прометот на земјиштето кое се наоѓа на просторите определени со законот, а не и на другите недвижности на тие простори.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 4 став 1 од Одлуката се пропишува забрана на прометот не само на земјиштето на определените простори, туку и на зградите во сопственост на граѓаните на тие простори, Судот оцени дека со тоа се пречекорени рамките на овластувањето на општината утврдени во Законот привремено да го забранува прометот на недвижности на одделни простори, поради што утврди дека оваа одредба од Одлуката не е во согласност со член 11 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и со член 38 став 1 од Законот за промет со земјишта и згради.

Од изнесените уставни и законски одредби, според мислењето на Судот, исто така произлегува дека сопственосните и другите имотно-правни односи, а во тие рамки и преминувањето на недвижностите на кои постои право на сопственост во општествена сопственост, се уредува со Уставот и со закон, поради што општината не е овластена да ги утврдува случаите и условите под кои овие недвижности можат да преминат во општествена сопственост. Судот понатаму смета дека, согласно член 31 од Законот за промет со земјишта и згради, општинските органи на управата надлежни за имотно-правни работи имаат само овластување, во примената на законот со кој се утврдени случаите и условите под кои недвижностите на кои постои право на сопственост стануваат општествена сопственост, да донесуваат решение со кое утврдуваат дека определени недвижности стануваат општествена сопственост.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 5 од Одлуката пропишува преминување во општествена сопственост на недвижноста што била предмет на промет што со одлука на собранието на општината при-

времено е забранет, а ниту во Уставот ниту во Законот не е предвиден таков случај и такви услови на преминување во општествена сопственост на недвижностите на кои постои право на сопственост, Судот оцени дека со тоа се пречекорени овластувањата на општините утврдени во Уставот и Законот, поради што утврди дека член 5 од Одлуката не е во согласност со членовите 98 став 2 и 301 став 1 точка 9 од Уставот на СР Македонија и со член 31 од Законот за промет со земјишта и згради.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 104/88
5 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**592.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на јавната расправа одржана на 5 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА точка II, III и IV од Решението бр. 09-860/1 за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместокот за потрошена вода, донесена од Извршниот совет на Собранието на општина Битола, на седницата одржана на 12 април 1989 година.

2. СЕ УТВРДУВА дека решенијата бр. 09-662/1; бр. 09-3272 и бр. 09-2674/1 за давање согласност на одлуката за утврдување на надоместокот за потрошена вода, донесени од Извршниот совет на Собранието на општината Битола на 22 март 1989 година, 21 декември 1988 година и 5 ноември 1988 година, во времето на нивното важење, не биле во согласност со Законот.

Оваа одлука има правно дејство на одлука со која се укинува самоуправен општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Битола".

4. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 136/88 од 15 февруари 1989 година поведе постапка за оценување законитоста на решенијата бр. 09-3272 и бр. 2674/1 означени во точката 2 од оваа одлука, затоа што Извршниот совет на Собранието на општината Битола при давањето согласност на означените одлуки, утврдил нова цена и нова намена на средствата што се добиваат од надоместокот за извршените услуги, што не било во согласност со Законот за системот на општествена контрола на цените („Службен весник на СФРЈ" бр. 64/84) и Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ" бр. 10/85). На јавната расправа Судот ја прошири постапката и одлучуваше за уставноста и законитоста на решенијата бр. 09-860/1 и 09-662/1 донесени од Извршниот совет на Собранието на општина Битола на 12 април и 22 март 1989 година.

5. На јавната расправа Судот утврди дека со точката I од решението означено во точката 1 од оваа одлука е дадена согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за потрошена вода, донесена од Работничкиот совет на Основната организација на здружениот труд „Водовод" во Битола во состав на Комуналната работна организација „4-ти Ноември" во Битола, бр. 05-350/2 од 31 март 1989 година. Притоа, Судот утврди дека во точката II од решението Извршниот совет, презомајќи ги износите за висината на цената на водата и намената на прибраните средства (за покривање на трошоците и отплата на ануитети) кој се утврдени во одлуката на означената основна организација, утврдил и посебен надоместок за користење на вода за ХМС „Стрежево" кој износ е вклучен во вкупниот износ на надоместокот за вода утврден во оваа точка од решение, со што според мислењето на Судот е утврдена нова цена, повисока од цената утврдена во одлуката на основната организација на здружениот труд „Водовод". Понатаму, судот утврди дека во точката III од решението е предвидено дека наплатата на водата ќе се врши преку Основната организација на здружениот труд „Водовод" и за делот на ХМС „Стрежево" а Основната организација на здружениот труд „Водовод" се задолжува да му ги уплаќа средствата на сметка на ХМС „Стрежево", додека во точката IV од решението е утврдено дека дел од средствата ќе се користат исклучиво за изградба и реконструкција на системот на водоснабдување и за покривање на други трошоци.

На овој начин според мислењето на Судот се навлегува во уредувањето на односите меѓу основната организација на здружениот труд „Водовод" и ХМС „Стрежево" како и меѓу нив и корисниците на водата.

На јавната расправа Судот разгледувајќи ги решенијата означени во точката 2 од оваа одлука, утврди дека во точката 1 од решенијата се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на потрошената вода на основната организација на здружениот труд „Водовод" и Одлуките за висината на надоместокот на потрошена вода на ХМС „Стрежево". Понатаму Судот утврди дека во другите точки овие решенија по својата содржина се истоветни со точките 2 и 3 од решението означено во точката 1 од оваа одлука.

6. Според член 2 од Законот за системот на општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 64/84) работниците во основните организации на здружен труд самостојно ги формираат цените на своите производи и услуги според условите на пазарот, а со член 19 од овој Закон се утврдени мерките на непосредна контрола на цените, меѓу кои и давањето согласност на цените односно тарифите.

Согласно член 2 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ" бр. 10/85) надлежните органи на Републиката односно општината вршат општествена контрола на цените со преземање на мерки на непосредна контрола на цените.

Според член 6 од Одлуката за општествена контрола на цените, донесена од Собранието на Општина Битола на седницата одржана на 12 април 1985 година („Службен гласник на општина Битола" бр. 11/85) во производите и услугите од интерес на општината е предвидена и водата, а според Решението за определување на производи и услуги за кои ќе се дава согласност на Извршниот совет донесено од Собранието на општината Битола на 17 април 1985 година, во производите и услугите за кои Извршниот совет дава согласност на цените е предвидена и водата за пиење.

Од наведените законски одредби според мислењето на Судот произлегува дека работниците во организациите на здружен труд самостојно ги утврдуваат цените на своите производи, а Извршниот совет на Собранието на Општината, во рамките на своите овластувања може да даде или да одбие да даде согласност на цените за кои како мерка на непосредна контрола на цените е предвидено давање согласност, а не и да утврдува нови цени и намена на средствата што се добиваат од надоместоците за извршените услуги.

Исто така од овие законски одредби не произлегува овластување на Извршниот совет на Собранието на Општината при давањето согласност на цената на определени производи и услуги на посреден начин да ги уредува меѓусебните односи меѓу организациите на здружениот труд кои обезбедуваат вода како и меѓу нив и корисниците на вода.

Со оглед на тоа што Извршниот совет на Собранието на општина Битола со оспореното решение впуштајќи се во решавање на меѓусебните односи

на основната организација на здружениот труд „Водовод“ и ХМС „Стрежево“ и на нив со корисниците на водата всушност утврдил нова цена како и намена на средствата што се добиваат од извршените услуги, Судот оцени дека со тоа ги пречекорил своите овластувања, поради што утврди дека точките II, III и IV од решението означено во точката 1 од оваа одлука не се во согласност со означените законски одредби, а дека решенијата означени во точката 2 од оваа одлука во времето на нивното важење не биле во согласност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 136/88
5 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**593.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА Предлогот на Основниот суд на здружениот труд во Скопје за оценување законитоста на членовите 13, 14 и 15 од Правилникот за распределба на станови на Централното основно училиште „Кочо Рацин“ во Нов Дојран, донесен со референдум на 8 мај 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означеното училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членовите 13, 14 и 15 од правилникот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што членот 13 од Правилникот различно го вреднувал станбениот статус на лицата без стан и лицата потстанари, што со членот 14 стручната подготовка на работникот била вреднувана повеќе пати и што членот 15 не ја изразувал доволно социјално економската положба на работникот, што не било во согласност со Уставот и било спротивно на законот.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 13 од Правилникот лицето без стан се вреднува со 80 бода додека лицето потстанар се вреднува со 40 бода.

Согласно член 42 и 42-а од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88 — пречистен текст) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација на здружениот труд со самоуправен општ акт ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање стан на користење во општествена сопственост, а во тие рамки да ги утврдуваат и вреднуваат различните степени на станбената загрозеност на работниците.

Според тоа, самоуправно право е на работниците да ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање средства за користење стан, а во тие рамки како основ да ја утврдат станбената состојба на работникот и да ги вреднуваат различните степени на станбената загрозеност на работниците во зависност од конкретните состојби во организацијата на здружениот труд.

5. Понатаму, Судот утврди дека во членот 14 од Правилникот како основ за распределба на становите и станбените кредити е предвиден работниот придонес на работникот со подоснови: видот на работите и работните задачи, сложеноста на работите и работните задачи и одговорноста за извршувањето на работите и работните задачи. Притоа, Судот утврди дека видот на работите и работните задачи се врши според посебни критериуми, без оглед на стручната подготовка.

Со оглед на тоа што, во членот 14 од Правилникот стручната подготовка не е предвидена како елемент на основите сложеност и одговорност за извршување на работите и работните задачи, Судот смета дека не постои нејзино повеќекратно вреднување, поради што оцени дека овој член од Правилникот не е во спротивност со означените одредби од Законот.

Разгледувајќи го оспорениот член 15 од Правилникот, Судот утврди дека во рамките на дополнителните основи е предвидена материјалната состојба на работникот и членовите на неговото семејство, а материјалната состојба е вреднувана во членот 18 од Правилникот според кој се добиваат одреден број на бодови во зависност од процентот на остварениот доход по член на семејно домаќинство во однос на личниот доход исплатен во стопанството во Републиката за претходната година. Судот смета дека оспорената одредба од членот 15 од Правилникот заедно со член 18 од истиот правилник претставуваат логична целина и даваат можност за објективно вреднување на материјалната состојба на работникот во зависност од бројот на членовите на неговото семејно домаќинство поради што овој член од Правилникот не е во спротивност со означената одредба од Законот за станбените односи.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 25/89
14 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**594.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Ценовникот за цените на производите и услугите што ги врши Основната организација на здружениот труд „Шумарство“ во Македонски Брод, во состав на Работната организација „Треска — Сандански“ во Македонски Брод донесен од Работничкиот совет на 15 јули 1988 година, во делот во кој е предвидена обврска за плаќање трошоци за ознака на сеча на шуми на кои постои право на сопственост.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 29/89 од 26 април 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на ценовникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа е предвидено да се наплатува такса за ознака на сеча на шуми на кои постои право на сопственост, што било во спротивност со Законот за шумите.

4. На седницата Судот утврди дека во Ценовникот за цените на производите и услугите, покрај другото, е предвидено за извршени услуги за ознака на сеча, издавање на документи и заштита на приватните шуми да се плаќа одредена цена. Во цената на овие трошоци кои се плаќаат по 1 $м^2$ влегуваат трошоци за ознака, материјални трошоци и управно-продажна режија.

5. Во член 32 од Законот за шумите („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74, 15/86 и 51/88) е предвидено со шумите на кои постои право на сопственост да се стопанисува врз основа на критериумите за извршување на сечите и работите на одржувањето и унапредувањето на шумите, утврдени со одлука на собранието на општината.

Според член 52 став 1 од овој закон општината може да ја презема грижата за одржување и унапредување на шумите на кои постои право на сопственост, доколку сопственикот не ги презема определените мерки за одржување и унапредување, а согласно став 2 на овој член, ако општината се грижи за одржување и унапредување на шумите, сопствениците се должни на општината да и ги надоместат трошоците за тоа. Според став 5 на овој член под одржување и унапредување на шумите се подразбира пошумување на пасишта, нега на шумите и културите подобрување на состојбата на дрвниот фонд, како и заштита од пожар, штетни инсекти и растителни болести. За шумите на кои постои право на сопственост. согласно член 53 од Законот, работите на ознаката за сеча, премер, контрола на превезувањето и пренесувањето на шумските производи, одгледувањето и заштитата на шумите од растителни болести и штетници, општината може да ги пренесе врз организацијата што стопанисува со шуми.

Од изнесените законски одредби произлегува дека законот ги утврдил случаите за кои работи и под кои услови може да се задолжат сопствениците на шумите да плаќаат надоместок за одржување и за унапредување на шумите, при што изречно не предвидел можност за општината и организацијата која стопанисува со шумите да утврдуваат обврска за плаќање на такса односно надоместок за ознака за сеча на шумите на кои постои право на сопственост.

Со оглед на тоа што во означениот дел од Ценовникот е утврдено дека сопствениците на шуми плаќаат трошоци за ознака на сеча, Судот утврди дека тој е во спротивност со Законот за шумите.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 29/89
21 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**595.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија, по јавната расправа, на седницата одржана на 8 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 27 и членовите 47 до 63 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ“ бр. 32/87) не се во согласност со Уставот на СР Македонија.

2. Собранието на СР Македонија ќе ги усогласи означените одредби од Законот со Уставот во рок од шест месеци од денот на доставувањето на оваа одлука.

3. Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 56/88 од 1 декември 1988 и решение У. бр. 73/89 од 19 април 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста на членовите од Законот за вработување означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на СР Македонија“.

4. На јавната расправа и на седницата Судот утврди дека со означениот Закон се уредува системот на вработувањето, при што посебно се уредуваат критериумите за приоритет при вработувањето.

Во член 47 став 1 од Законот е предвидено приоритетот при вработувањето да се утврдува врз основа на основни и дополнителни критериуми при што како основни критериуми се определени времето на чекање за вработување успехот во школувањето, социјално-економската состојба на невработеното лице, понудата на применлива иновација, рационализација или друг вид на творештво, работа во стопански недоволно развиени подрачја, работа на определено време, работа со понизок степен на стручна подготовка од стручната подготовка што ја има работникот и работа во други занимања, а како дополнителни основи се определени користењето на паричен надоместок, лица лишени од родителска грижа, самохран родител, повеќе лица од потесното семејство кои се пријавуваат како невработени и повратници од странство. Со ставот 2 на овој член е предвидено утврдените критериуми да се применуваат на сите лица пријавени на конкурсот односно огласот ако ги исполнуваат условите утврдени со овој закон и самоуправниот општ акт, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Понатаму, во член 48 став 1 од Законот е предвидено приоритетот за вработување да се вреднува со определен број на бодови по наведените критериуми од Законот и критериумите од самоуправниот општ акт и тоа за време на чекање 50% од вкупниот број бодови, за успехот во школувањето 20%, социјално-економската состојба 15% и за другите основни критериуми 5%, а дополнителните критериуми учествуваат со 10% од вкупниот број бодови и тоа со по 2% за секој критериум. Во став 2 на овој член е предвидено со самоуправен општ акт поблиску да се разработат означените критериуми. Во членовите 49 до 62 од Законот конкретно и детално се разработени секој од критериумите, како и елементите што се битни за нивно вреднување, а со член 63, пак, е утврдена обврска надлежниот орган на организацијата да изврши избор меѓу кандидатите според редоследот на ранг-листата.

5. На јавната расправа претставниците на Законодавно-правната комисија на Собранието на СР Македонија и на Судот на здружениот труд на Македонија изнесоа мислење дека оспорените одредби од Законот се пречекоруваат уставните овластувања на Републиката во законското уредување на вработувањето, со што се ограничуваат самоуправните права на работниците во здружениот труд непосредно да ги уредуваат меѓусебните односи во работата и самостојно да одлучуваат за засновање работен однос со работници во согласност со критериуми што се однесуваат на нивните способности и знаења и потребите на процесот на трудот во органзиацијата на здружениот труд.

Претставниците на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија и Републичката самоуправна интересна заедница за вработување искажаа мислења дека оспорените одредби од законот имаат основ во уставните овластувања на Републиката со оглед на нејзините функции, меѓу другото, да создава општи услови за вработување, истакнувајќи истовремено дека со тие критериуми се обезбедува определен ред и објективност при вработувањето, а не се ограничуваат правата на работниците да ги утврдат условите за засновање работен однос. Претставникот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика истакна дека одредбата од член 63 од Законот не значи создавање обврска за организацијата на здружениот труд задолжително да го изберат првиот кандидат на приоритетната листа, туку само обврска тој избор да се врши според нејзиниот редослед.

6. Согласно начелото утврдено во Оддел III став 3 од Основните начела на Уставот на СР Македонија со општествената сопственост на средствата за производство и со другите средства на трудот, му се обезбедува на секој, под еднакви услови, да се вклучи во здружениот труд со општествени средства. Исто така со член 209 став 1 од Уставот на СР Македонија, загарантирано е правото на работа, а со член 210 став 1 и 3 се гарантира слободата на работа и се предвидува дека на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството Според член 16 од Уставот на работникот во здружениот труд му се гарантира заедно и рамноправно со другите работници да управува со трудот и работењето на организацијата на здружениот труд, вклучувајќи го и правото да ги уредува меѓусебните односи во работата.

Во Законот за здружениот труд и во Законот за работните односи поблиску се уредени прашањата во врска со засновање на работен однос, при што е предвидено работниците непосредно да ги уредуваат меѓусебните односи односно, покрај другото, да ги утврдуваат и условите што работниците треба да ги исполнуваат за да засноваат работен однос, вклучувајќи го и правото да ги утврдат критериумите за приоритет при вработувањето и да извршат избор на кандидат за засновање на работен однос.

Согласно член 299 став 3 и 6 од Уставот, пак, Републиката има право и должност да обезбедува заштита и услови за остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот и да се грижи за остварување на правата на работните луѓе, утврдени заради обезбедување на нивната социјална сигурност и стабилност, како и да ја утврдува општата политика за усогласен стопански и општествен развој на Републиката Тоа, според мислењето на Судот, значи дека Републиката има право и должност да создава општи услови за остварување на правото на работа. Во таа смисла, со член 301 став 1 точка 1 од Уставот, Собранието на СР Македонија е овластено да донесува закони, покрај другото, што се однесуваат и на обезбедувањето на општествено-економската положба и правата на работните луѓе во здружениот труд утврдени со Уставот и изедначување на општите услови за работа и живот на работните луѓе врз основите на заемноста и солидарноста, како и закони што се однесуваат на меѓусебните односи на работниците во организациите на здружениот труд и вработувањето.

Според начелото утврдено во Оддел IV став 8 од Основните начела на Уставот самоуправната положба и правата на работниот човек во основните и други организации на здружениот труд утврдени со Уставот се основа, граница и насока за остварувањето на правата и должностите на Републиката во вршењето на функцијата на власта.

7. Според мислењето на Судот, не е во несогласност со изнесените уставни одредби Собранието на Републиката, во рамките на овластувањето да донесува закони кои се однесуваат на меѓусебните односи на работниците во организацијата на здружениот труд и на вработувањето, да определи и критериуми за приоритет за вработувањето, заради остварување на уставните права и должности на Републиката да обезбеди заштита и остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот и изедначување на општите услови за работа и живот на работните луѓе, врз основа на заемноста и солидарноста, но притоа не може да се ограничуваат ниту одземаат со Уставот загарантираните права и положба на работниците во здружениот труд самоуправно да ги уредуваат своите меѓусебни односи во работата, меѓу кои и прашањата што се сврзани за вработувањето.

Врз основа на изнесеното, Судот смета дека со тоа што во членовите од 47 до 63 од Законот критериумите за приоритет при вработувањето се потполно и задолжително определени и е извршено нивно конкретно вреднување, а работниците во организацијата на здружениот труд се обврзани да заснонаат работен однос со работник според редоследот на приоритетната листа утврдена врз основа на тие критериуми, со Законот се пречекорени уставните овластувања на Републиката, што доведува до ограничување на правата на работниците во здружениот труд самостојно и непосредно да ги уредат овие прашања со самоуправни општи акти и да одлучат со кој од пријавените кандидати ќе засноваат работен однос во согласност со потребите на процесот на трудот во организацијата на здружениот труд, поради што утврди дека тие не се во согласност со означените уставни одредби.

8. На јавната расправа и на седницата Судот, исто така, утврди дека со оспорениот член 27 од Законот е предвидено привремено невработените лица да го остваруваат правото на паричен надоместок за време на привремена невработеност во траење од три месеци до три години, во зависност од должината на стажот на осигурување што го имале пред престанувањето на работниот однос. Притоа, ова право може да го остварат невработените лица со стаж на осигурување од 9 месеци до 25 години, а не и лицата со над 25 години стаж на осигурување. Според член 23 став 3 од Законот ова право го имаат и лицата со над 25 години стаж и тоа до повторното вработување односно до исполнувањето на некои од условите за негово престанување, но само ако работниот однос им престанал поради стечај или редовна ликвидација на организацијата на здружениот труд, а не и во други случаи на престанување на работниот однос, кои, според Законот, претставуваат основ за негово остварување.

Во член 209 став 5 од Уставот на СР Македонија е загарантирано, под условите утврдени со закон, и правото на материјално обезбедување за време на привремена невработеност, а според член 213 став 1 од Уставот правото на социјално осигурување се обезбедува со задолжително осигурување врз начелата на заемност и солидарност и на минатиот труд, а врз основа на придонесот од личниот доход и доходот на организациите на здружениот труд односно од придонесот од средствата на други организации и заедници во кои работи, со кое работникот, во согласност со закон, обезбедува за себе и права во случај на безработност.

Со оглед на тоа што со член 27 од Законот правото на паричен надоместок за привремена невработеност се обезбедува само за работници со стаж на осигурување до 25 години, а не и за оние со над 25 години, освен кога во согласност со член 23 став 3 од Законот работниот однос им престанал поради стечај или редовна ликвидација на организацијата на здружениот труд, Судот утврди дека тој не е во согласност со означените уставни одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 56/88
8 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д р **Фиданчо Стоев,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

### ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**267.**

Врз основа на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 14 август 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските, семејните пензии без додаток на пензијата, минималните старосни и семејни пензии остварени според Законот за старосното осигурување на земјоделците, материјалното обезбедување на вдовица, односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и паричните надоместоци во врска со правото на пре-

квалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок до вработување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој, аконтативно се усогласуваат со порастот на номиналните лични доходи во 1989 година за 42 насто.

Процентот на усогласување за пензиите и другите пензиски примања усогласени според одлука и одлуките за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 9/89, 19/89, 23/89 и 26/89 сметано од 1 јануари 1989 година изнесува 360 насто.

Усогласувањето од став 1 на овој член припаѓа од 1 јануари 1989 година.

Член 2

Како основица за определување на усогласувањето од член 1 став 1 на оваа одлука претставува износот на пензијата, материјалното обезбедување, односно паричниот надоместок усогласен според Одлуката за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 26/89).

Член 3

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход за корисниците на најнизок износ на пензија и на додатокот на пензија.

Член 4

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1989 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1989 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж, но најмногу до износот на највисоката пензија во 1989 година зголемен за процентот од член 1 на оваа одлука.

Член 5

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1989 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурување остварени во 1989 година.

Член 6

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на управа надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 37/80 и 24/88) како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" бр. 19/89 и 35/86).

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941" со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941".

Член 8

При постоење на повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник, кога се работи за усогласување на пензијата според оваа одлука.

Член 9

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 10

При конечното усогласување на пензиските примања ќе се земе предвид и усогласувањето според оваа одлука.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 16-2283/1
14 август 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

---

**268.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89), и член 45 од Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 22/89) Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 14 август 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ОД 1 АВГУСТ 1989 ГОДИНА

Член 1

Граничниот износ на најниското пензиско примање кој служи за определување додаток на пензијата од 1 август 1989 година се определува во висина од 1.452.070 динари.

Член 2

На досегашните корисници на додаток на пензијата по службена должност ќе им се определи нов износ на додаток на пензијата според износот од член 1 на оваа одлука.

Член 3

При признавањето право на додаток на пензијата се зема во предвид граничниот износ на најниското пензиско примање определено со оваа одлука и усогласената пензија определена според стажот и личниот доход согласно донесените одлуки за усогласување на пензиите до денот на признатото право.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 август 1989 година.

Бр. 16-2284/1
14 август 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

**269.**

Врз основа на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 14 август 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА ОД 1 АВГУСТ 1989 ГОДИНА

Член 1

Најнискиот износ на старосна пензија од 1 август 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 1.452.070 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 1.234.480 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 1.016.900 динари.

Член 2

Најнискиот износ на инвалидска пензија од 1 август 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно 25 години (жена), во висина од 1.452.070 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 1.234.480 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 1.016.900 динари.

Член 3

Најнискиот износ на семејна пензија се утврдува во висина на најнискиот износ на старосна односно најнискиот износ на инвалидска пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.

Член 4

Исплатата на најнискиот износ на пензија според оваа одлука ќе се врши по службена должност, без донесување на решение.

Член 5

Со денот на влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за најнизок износ на пензија од 27 јуни 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 28/89).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 16-2282/1
14 август 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**270.**

Врз основа на член 3 став 2 од Самоуправната спогодба за изедначување на критериумите и висината на учеството во опремувањето на новороденото дете и посебниот додаток во СРМ, член 63 од Статутот на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата и Одлуката за привремено овластување на Извршниот одбор да врши тековно усогласување на приливот на изворните приходи на Републичката заедница бр. 11-1441 од 26. XII. 1988 година, Извршниот одбор на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата од 23 август 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК (ТРЕТО УСОГЛАСУВАЊЕ)

Член 1

Висината на посебниот додаток утврдена со Одлуката на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата број: 11-900/3 од 6. VII. 1989 година, („Службен весник на СРМ“ бр. 28/89), се валоризира за 79% со важност од 1. IX. 1989 година и ќе изнесува 430.000 динари.

Член 2

Валоризираниот износ ќе се исплатува без донесување на нови решенија за корисниците кои веќе добиле решение за правото од 1. I. 1989 година, а за корисниците кои ќе се стекнат со правото од 1. IX. 1989 година, истите ќе бидат донесени со новиот валоризиран износ утврден во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Општинските СИЗ се должни да извршат усогласување на своите одлуки со оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 септември 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 12-1022/4
23 август 1989 година
Скопје

Претседател,
**Душан Ачовски,** с. р.

**271.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81), член 63 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 10/87) и Одлуката за привремено овластување на Извршниот одбор да врши тековно усогласување на приливот на изворните приходи на Републичката заедница бр. 11-1441 од 26. XII. 1988 година, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 23 август 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИЗНОСОТ НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА ВО 1989 ГОДИНА (ТРЕТО УСОГЛАСУВАЊЕ)

Член 1

Висината на додатокот на деца во 1989 година, утврдена со Одлука на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата бр. 11-900/2 од 6. VII. 1989 год. („Службен весник на СРМ“ бр. 28/89), се валоризира за 79% со важност од 1. IX. 1989 година и ќе изнесува:

(во динари)

| Возраст на детето според степенот на школување | Цензусни групи I | II |
|---|---|---|
| За дете од предучилишна возраст, и дете ученик во основно образование | 215.000 | 172.000 |
| За дете редовен ученик во средно насочено образование | 287.000 | 215.000 |
| За дете редовен студент во виша и високошколска организација | 430.000 | 360.000 |

Член 2

Валоризираниот износ ќе се исплатува без донесување на нови решенија за корисниците кои го оствариле правото од 1. I. 1989 година на кои им се донесени решенија, а за корисниците за кои се уште не се донесени решенија ќе им се донесат решенија со важност од 1. IX. 1989 година и ќе им се исплатува новиот валоризиран износ утврден во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 септември 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 12-1022/3
23 август 1989 година
Скопје

Претседател,
**Душан Ачовски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — СТРУМИЦА

**272.**

Врз основа на член 27-а од Законот за СИЗ на културата („Службен весник на СРМ" бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), член 37 од Статутот на ОСИЗ на културата на општина — Струмица, Собранието на ОСИЗ за култура на општина — Струмица донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ ЗА КУЛТУРА — СТРУМИЦА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на ОЗТ и на придонесот од личен доход од работен однос во нестопанските дејности, како и од личен доход од вршење на земјоделска стопанска и нестопанска дејност, со кои се обезбедуваат средства за финансирање на Општинската СИЗ за култура — Струмица во 1989 година.

Член 2

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации на здружен труд од стопанството, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности;

Обврзници на придонес од личен доход се и работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности во областа на дејностите од 12 до 14;

Обврзници на придонесот од личен доход од земјоделска дејност;

Обврзници на придонесот од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност.

Член 3

Основица за пресметување на придонесот од доходот претставува остварениот доход.

Основица за пресметување на личната аконтација на придонесот од доходот претставува остварениот доход валоризиран со проценти на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката според чл. 17 став 2 од Законот за данок од доходот на ОЗТ.

Член 4

Обврзниците од член 2 став 1 на оваа одлука придонесот го плаќаат, по стапка од 0,85%;

Обврзниците од член 2 став 2 на оваа одлука придонесот од личен доход од нестопанството го плаќаат, по стапка од 1,00%;

Обврзниците од член 2 став 3 на оваа одлука придонесот од личен доход од земјоделска дејност го плаќаат, по стапка од 3,70%.

Обврзниците од член 2 став 4 на оваа одлука придонесот од личен доход од вршење на стопанска и нестопанска дејност го плаќаат, по стапка од 1,33%.

Член 5

Обврзниците на здружениот труд од основното, средното насочено образование и социјална заштита ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 50% од утврдената стапка во член 4 став 2 на оваа одлука, односно 0,50%.

Организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага, од областа на сценско-музичките дејности, ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 70% од утврдената стапка во член 4 став 2 на оваа одлука, односно 0,70%.

Член 6

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на ОЗТ, а за придонесот од личен доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување стапките на придонесите на ОСИЗ за култура — Струмица за 1989 година, број 03-38/1 од 18. V. 1989 година, на Собранието на СИЗ за култура на општина — Струмица.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Бр. 03-38/2
1 август 1989 година
Струмица

Претседател,
**Елена Трајкова**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

Општинскиот суд во Титов Велес, на предлог од предлагачот Марко Марков од Титов Велес ул. „Димко Најдов" бр. 78 покрена постапка за поништување на чековна книшка (чековна сметка) со бр. 80710-1550053821/21 како и 8 чека со следните редни броеви: од 2139033 до 2139040, сите издадени од Југобанка — Основна банка Скопје, Експозитура Титов Велес, како и за поништување на изгубена чековна книшка (чековна сметка) бр. 80710520/47 и 10 чека со редни броеви од бр.: 1055581 до 1055590, сите издадени од Стопанска банка Основна банка Титов Велес кои исто така гласат на име Марко Марков од Титов Велес.

Се повикува лицето кај кое се наоѓаат изгубените чековни карти и чекови да ги достави на овој суд во рок од 60 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ".

Истовремено се повикува секое лице во истиот рок да стави приговор против покрената постапка или да го извести овој суд за лицето кое ги држи наведените чековни карти и чекови.

Доколку во определениот рок никој не се пријави пред овој суд или не стави приговор против покренатата постапка изгубените чековни карти и чекови ќе се поништат.

Од Општинскиот суд во Титов Велес, ВПП 46/89.

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Садије Рамани од Тетово, ул. „111" бр. 24, против тужениот Фадил Рамани од Тетово, а сега со непозната адреса на живеење во СР Германија.

Се повикува тужениот Фадил Рамани, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно, по истекот на овој рок судот преку Центарот за социјални работи во Тетово, ќе му постави привремен застапник кој ќе се грижи за неговите интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 815/89.

---

Пред овој суд се води постапка за надоместок на штета по тужбата на тужителот СИЗ за станување — Тетово, против тужениот Реџепи Јонуз од Тетово, а сега со непозната адреса на живеење во САД.

Се повикува тужениот Реџепи Јонуз од Тетово, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Доколку во овој рок тоа не го стори, судот ќе му постави привремен старател кој ќе ги штити правата и интересите во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1170/89.

---

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителите Сефер и Нади Алити од Тетово, ул. „Ленин" бр. 47, против Стојановски Стојан и Стојановски Борис од Тетово, а сега со непознато место на живеење.

Се повикуваат тужените Стојановски Стојан и Стојановски Борис, да се јават во рок од 15 дена по објавувањето на огласот пред Општинскиот суд во Тетово, да достават своја адреса или постават свој полномошник. Во спротивно, судот ќе им постави привремен застапник кој ќе ги штити нивните интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 548/89.

---

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Нуриман Садики од с. Порој, против тужениот Идризи Идриз од с. Порој, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Идризи Идриз од с. Порој, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот пред Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му постави привремен застапник кој ќе ги штити неговите права во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 817/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Јакимова родена Зулумовиќ Божица од Тетово, против тужениот Јакимов Марјанчо од Тетово, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Јакимов Марјанчо, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува до окончувањето на постапката.

Во спротивно, по истекот на рокот судот преку Центарот за социјални работи во Тетово, ќе му постави привремен застапник кој ќе се грижи за неговите интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1175/89.

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Небахат Круези родена Рамани од Тетово, ул. „Караорман" бр. 20 против тужениот Ридван Ракип Круези од Ѓ. Петров — Скопје, сега со непозната адреса во Југославија.

Се повикува тужениот Ридван Ракип Круези да се јави во рок од 15 дена пред овој суд, да ја достави својата адреса или пак постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок судот по службена должност ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 886/89. (126)

---

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 96 од 3. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 270, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата на Економскиот училишен центар „Јане Сандански" — Битола ,со ц. о. со следните податоци: Се запишува промената на фирмата на Економското училиште „Јане Сандански" — Битола, и истата гласи: Економски училишен центар „Јане Сандански" — Битола, со ц. о.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 96/89. (172)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 132 од 19. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 576-20 ја запиша во судскиот регистар промената на називот на ООЗТ Работна организација за основно образование „11 Октомври" — Прилеп ООЗТ — ОУ „Јосип Броз Тито" — Прилеп, со следните податоци: Се запишува промената на називот на ООЗТ „Точила" Прилеп, на РО за основно образование и воспитание „11-ти Октомври" — Прилеп, и истата ќе гласи: Работна организација за основно образование и воспитание „11 Октомври" — Прилеп, ООЗТ — ОУ „Јосип Броз Тито" — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 132/89. (177)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 456 од 11. V. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1128-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Училишниот центар за средно образование „Вељко Влаховиќ", Ц. О., Македонски Брод, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Савев Рате, в. д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Маџоски Мијалче, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 456/89. (195)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 421 од 28. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1362-0-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на СИЗ поради престанок со следните податоци: Се запишува бришењето на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, Ц. О., Скопје, ул. „12 Ударна бригада" бр 12, поради престанок.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 421/89. (196)

---

## МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Работна книшка на име Зоран Димитров, Виница. (3277)

Работна книшка на име Славица Манева, Пробиштип. (3280)

Свидетелство за I клас на име Сузана Прцуловска, Ресен. (3300)

Воена книшка на име Џемал Незари, ул. „Иво Рибар Лола" бр. 40 Тетово.

Работна книшка, издадена од Македонски Брод на име Стојаноска Гордана с. Латово, Македонски Брод. (3357)

Свидетелство за I клас гимназија ,издадено од УЦСО „Јосип Броз Тито“ — Ресен на име Ужановска Зора, с. Стење, Ресен. (3358)

Свидетелство за I клас Гимназија, издадено од УЦСО „Јосип Броз Тито“ — Ресен на име Марија Ѓоргиевска, с. Перово, Ресен. (3428)

Воена книшка на име Насер Мемети, с. Џепчиште, Тетово. (3437)

Тековна сметка бр. 15 50 04124-2, издадена од Југобанка основна банка — Скопје на име Мирче Матевски, Скопје. (3483)

Тековна сметка бр. 15 50 11 971-4 и чекови од бр. 2882932 до 2882940, издадени од Југобанка — основна банка — Скопје на име Лилјана Попова, Скопје.

Работна книшка на име Димоска Жаклина, ул. „Ѓуро Салај“ бр. 30, Прилеп. (3487)

Работна книшка на име Стојадин Мишевски, Куманово. (3492)

Тековна сметка на име Драги Вучков, ул. „Стив Наумов“ бр. 12, Радовиш. (3531)

Тековна сметка бр. 40100-620-37/10-8071015-50-12373-3, и чекови бр. 26-1729 и 26-1730, издадени од Југобанка Куманово на име Методија Георгиевски, ул. „Страшко Симонов“ бр. 2, Куманово. (3535)

Чекови од бр. 2717231 до 2717240, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Гојко Трајковски, Скопје. (3539)

Чекови од бр. 2911681 до 2911700, издадени од Југобанка — Скопје на име Надежда Салџиева, ул. „Партизански одреди“ бр. 99-2/14, Скопје. (3540)

Чекови од бр. 2725854 до 2725860, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Милан Ѓуровски, Скопје. (3541)

Свидетелства за завршено I, II и III година, издадени од Техничко, училиште „Наце Буѓони“ — Куманово, на име Перица Алексовски ул. „Никшичка“ бр. 2/2-13, Куманово. (698)

Работна книшка на име Џелал Шерифи, Тетово.

Работна книшка на име Данче Николова, Виница. (3577)

Работна книшка на име Лилјана Кирова, Титов Велес. (3588)

Работна книшка на име Реџеп Исуфи, Виница.

Штедна книшка бр. 3450/40, издадена од Љубљанска банка, на име Олга Гошева, ул. „29 Ноември“ бр. 1, Валандово. (3631)

Работна книшка на име Али Џемаили, Куманово.

Работна книшка на име Селами Велиов, Штип.

Работна книшка на име Стојанка Стојкова, Виница. (3668)

Работна книшка на име Слаѓан Јовановиќ, Куманово (3671)

Работна книшка на име Јагода Сутинова, Титов Велес. (3673)

Работна книшка на име Коле Митев, Кочани.

Работна книшка на име Верка Начевска, Радовиш. (3690)

Оружен лист бр. 1707 издаден од СВР — М. Брод, на име Воислав Ристески, с. Инче, Македонски Брод. (3718)

Воена книшка на име Љупчо Јакимоски, ул. Т. Бошковски-Тарцан бр. 14, Гостивар. (3723)

Работна книшка на име Милена Затуроска, ул. ЈНА бб., Струга. (3737)

Воена книшка издадена од ОНО, на име Нине Петров, ул. „Цветан Арсов“ бр. 28, Т. Велес. (3738)

Работна книшка на име Николчо Јосифов, Кочани. (3751)

Решение УП. бр. 12-5756 од 15. II. 1985 година, издадено од СО Центар — Скопје, за производство на бели пецива на име Трпимир Арсовски, Скопје.

Тековна сметка бр. 15-50-23565-6, на име Соња Костовска, ул. Илинденска бр. 17, Пехчево. (3757)

О Б Ј А В А

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ“ бр. 18/87), Координациониот одбор

О Б Ј А В У В А

измени и дополнувања на планираниот елемент пресметан чист личен доход по работник

Во точката 1 од Објавата на Координациониот одбор за следење на примената на Општествениот договор за доходот во СРМ бр. 13-821/1 од 19. 07. 1989 година, наместо износот „3.150.000 динари“ се утврдува износот „3.620.000 динари“.

Координационен одбор
Претседавач,
**Душан Петрески,** с. р.

## СОДРЖИНА


585. Одлука за изменување на распоредот на средствата за посебни намени утврден со Републичкиот буџет за 1989 година — — 585
586. Одлука за изменување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — — — — 585
587. Програма за дополнување на Програмата за премер и катастар на недвижностите во 1989 година — — — — — — 585
588. Наредба за пропишување на потсметки, уплатни сметки, како и за утврдување на збирни стапки за уплатување на придонесите од личниот доход на работниците и од доходот — — — — — — — 586
589. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 84/89 од 31 мај 1989 година — 590
590. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 117/88 од 7 јуни 1989 година — — 590
591. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 104/88 од 5 мај 1989 година — 591
592. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 136/88 од 5 мај 1989 година — — 592
593. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 25/89 од 14 јуни 1989 година — — 593
594. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 29/89 од 21 јуни 1989 година — 593
595. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 56/88 од 8 јули 1989 година — — 594

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

267. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година — — — 595
268. Одлука за граничниот износ на најниското пензиско примање од 1 август 1989 година — — — — — — — — — 596
269. Одлука за најнизок износ на пензија од 1 август 1989 година — — — — — 597
270. Одлука за валоризација на посебниот додаток (трето усогласување) — — — — 597
271. Одлука за валоризација на износот на додатокот на деца во 1989 година (трето усогласување) — — — — — — — 597

СТРУМИЦА

272. Одлука за утврдување висината на придонесите на Општинската СИЗ за култура — Струмица во 1989 година — — — — 598


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. Васил Ѓоргов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**